Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 15 од Законот за инспекциски надзор (“Службен весник на Р.М. бр. 50/10, 162/10 и 157/11,147/13) Советот на Град Скопје на петнаесеттата седница, одржана на 3 декември 2013 година, донесе

**Годишна Програма**
**за работа на Секторот Инспекторат на Град Скопје за периодот**
**од 01.01.2014 до 31.12.2014 година**

## <u>ВОВЕД</u>

Врз основа на член 15 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на РМ бр.50/10; 162/10; 157/11 и 147/13), се изготвува Годишна Програма за работата на инспекторите во Секторот Инспекторат на Град Скопје во тековната за наредната односно за периодот од 01.01.2014 до 31.12.2014 година.

Во Предлог- Годишната Програма се презентирани активностите на Секторот Инспекторат на Град Скопје кои ќе бидат превземени со цел исполнување на законските надлежности за вршење на инспекциски надзор во сите области на инспекцискиот надзор од надлежност на Градот Скопје, како во однос на постоечката законска регулатива, така и во однос на можните измени и дополни на поединечните законски и подзаконски акти.

Секторот Инспекторат на Град Скопје во својот состав има 5 Одделенија кои покриваат 11 различни области и тоа:

1. Одделение за комунална инспекција;
2. Одделение за комунални редари;
3. Одделение за инспекција на патен сообраќај и инспекција на патишта:
    3.1. Инспекција за патен сообраќај,
    3.2. Инспекција за патишта;
4. Одделение за даночна инспекција и инспекција за наплата на комунални и други такси:
    4.1. Инспекција за данок на имот,
    4.2. Инспекција за комунални и други такси;

5. Одделение за инспекциски надзор над вршењето на работите од другите надлежности на Градот Скопје:
   5.1. Инспекција за животна средина,
   5.2. Инспекција за образование,
   5.3. Инспекција за спорт,
   5.4. Инспекција за туризам и угостителство.

Заради различните сфери на работа, Предлог- Програмата за работа на Секторот е изготвена и презентирана по Одделенија.

Исто така и потребните услови за спроведување на Годишната Програма се дадени по Одделенија, согласно со поединечните потреби и согледувањата од досегашното работење.

Финансиските средства за спроведување на надлежностите на инспекторите се предвидени во Буџетот на Град Скопје за 2014 година во Програмата Ј8 и во Програмата R1.

За реализација на Годишната Програма ќе биде изготвен Годишен Извештај, а согласно со Законот за инспекциски надзор се изготвуваат и месечни оперативни планови.

## 1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА:

Градот Скопје согласно член 15 став 11, од Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на Р.М. бр.147/2013г.) има обврска да донесе Годишна Програма за работа на инспекторите во текот на наредната година. При донесување на Програмата за работа на градските комунални инспектори за 2014 година се земени во предвид надлежностите на комуналната инспекција утврдени со материјалните закони и подзаконските акти како и нивните измени и дополнувања:

- Закон за комунални дејности (Сл. Весник на Р.М. бр.95/2012г.)
- Закон за јавната чистота (Сл.Весник на Р.М. бр.130/2010г.) -пречистен текст, Закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота (Сл.Весник на Р.М. бр.23/2011г.); и Закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота (Сл.Весник на Р.М. бр.53/2011г.);
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл.Весник на Р.М. бр.68/2004г.); Закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл.весник на Р.М. бр.28/2006г.); Закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл.весник на Р.М. бр.103/2008г.); Закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл.весник на Р.М. бр.17/2011г.); и Закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл.весник на Р.М. бр.54/20011г.);
- Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти (Сл.Весник на Р.М. бр.66/2004г.) и Закон за

изменување и дополнување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти (Сл.весник на Р.М. бр.55/2007г.);
- Закон за гробишта и погребални услуги (Сл.весник на Р.М. бр.86/2008г.); Закон за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услови(Сл.весник на Р.М. бр.156/10г.), и Закон за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услови(Сл.весник на Р.М. бр.53/11г.);
- Закон за управување со пакување и отпадот од пакување (Сл.весник на Р.М. бр.161/09г.), Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со пакување и отпадот од пакување (Сл.весник на Р.М. бр.17/11г.) и Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со пакување и отпадот од пакување (Сл.весник на Р.М. бр.47/11г.); Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со пакување и отпадот од пакување (Сл.весник на Р.М. бр.47/11г.);
- Одлука за комунален ред во Град Скопје

Со Предлог- Програмата се опфатени задачите и активностите кои ќе ги извршува Одделението за комунална инспекција- девет комунални инспектори во текот на 2014 година и е систематизирана по области и тоа: инспекциски надзор, обуки и работни состаноци, аналитичко- информативна дејност, соработка со другите Сектори од Градот и другите органи на државно и локално ниво, нормативна дејност за имплементација на материјалните закони и Законот за општа управна постапка, како и Законот за инспекциски надзор и Одлука за комунален ред во Град Скопје.

**1. Испекциски надзор:**

Испекцискиот надзор согласно со Законот за инспекциски надзор се спроведува како:
- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор.

Инспекциските надзори се вршат над работењето на Јавните комунални претпријатија утврдени со Законот за комунални дејности и Законот за Градот Скопје, над физички и правни лица на кои Градот Скопје им дал концесија или дозвола за вршење на комунална дејност и тоа во однос на:

- одржување на јавната чистота на јавните и сообраќајни површини во летен и зимски период;
- расчистување на снег пред деловните објекти, пред индивидуални и колективни стамбени згради;
- одржување и поставување на комуналните уреди и опрема;
- одржување на зеленилото на магистралните и собирни улици;

- одржување и користење на градските паркови, парк- шумите на подрачјето на градот Скопје, водените и спортско- рекреативни зони утврдени со ГУП;
- одржување на чистотата на јавните паркиралишта од значење на градот Скопје, утврдени со урбанистички план;
- снабдување со вода за пиење од единствениот водоснабдителен систем на градот Скопје;
- одведување и испуштање на атмосферските води;
- одведување и пречистување на урбаните отпадни води;
- одржување на чистотата на градските гробишта;
- одржување и користење на речните корита во урбаниот дел;
- одржување на чистотата на пазарите на големо;
- инспекциски надзор на физичките и правните лица како корисници на комуналните услуги;
- вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усни преставки од физички и правни лица;
- водење на управни постапки;
- прием на странки.

**2. Обуки:**

Комуналните инспектори ќе земат учество на семинари, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони, Законот за управна постапка и Законот за инспекциски надзор, како и обуки за електронска евиденција и следење на предметите организирано од страна на ЗЕЛС, надлежни државни органи и др.

**3. Проектни активности:**

Одделението за комунална инспекција во 2014 година, ќе учествува во реализација на разни активности чија цел е подобрување на чистотата во градот, подигнување на свеста на граѓаните и навремено и квалитетно извршување на услугите кои ги даваат јавните претпријатија.

**4. Аналитичко- информативна дејност:**

Одделението за комунална инспекција врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2014 година ќе изготви:

- Неделни извештаи за работа на Одделението за комунална инспекција;
- Месечни извештаи за работата на Одделението за комунална инспекција;

**Рок: Континуирано, 2014 година**

- Годишна Програма за работа на Одделението за комунална инспекција за 2015 година;

**Рок: Декември, 2014 година**

- Месечни оперативни планови за работа на Одделението за комунална инспекција;

**Рок: контуинирано, 2014 година**

- Квартални извештаи за работата на Одделението за комунална инспекција за 2014 година;

**Рок: контуинирано, 2014 година**

- Годишен извештај за работата на Одделението за комунална инспекција за 2013 година.

**Рок: Февруари, 2014 година**

**5. Соработка на Одделението за комунална инспекција:**

Комуналните инспекторите во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со сите Одделенија во Секторот, како и со другите Сектори во Градот Скопје, општинските комунални инспекции на Општините во Градот Скопје, органите на државно и локално ниво, јавните претпријатија и пред сé со граѓаните на Градот Скопје.

**Рок: по потреба во текот на годината**

**6. Нормативна дејност:**

Комуналните инспектори, по потреба, ќе продолжат и со активностите за измена и дополнување на постојната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на градот Скопје.

Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до поефикасни законски решенија, со што би се зголемиле и разграничиле надлежностите на комуналните инспектори, а со тоа и нивната теренска работа би била поефикасна.

**7. Оперативна реонизација на територијата на Град Скопје:**

Инспекцискиот надзор ќе се врши на начин што Територијата на град Скопје е поделена на 3 реони, а со цел поефикасно следење на состојбите на конкретната територија.

**Реонските целини се следните:**

- Реон 1 - Општина: Центар , Кисела Вода и Аеродром
- Реон 2 - Општините: Чаир, Бутел и Гази Баба
- Реон 3 - Општините: Карпош, Ѓорче Петров, Шуто Оризари и Сарај

1. Реонот 1 ги опфаќа следните населби: Мал ринг, Голем ринг, Дебар Маало, Буњаковец, Капиштец, Водно, Кисела Вода, Расадник, 11.Октомври, Драчево, Пинтија, Аеродром, Ново Лисиче и Лисиче - бараки.
2. Реонот 2 ги опфаќа следните населби:нас. Чаир, нас.Гази Баба, Топаана, Бит Пазар, Автокоманда, Гази Баба- индустриска зона, нас.Железара, Маџари, Ченто, Скопје Север, Бутел и Радишани.
3. Реонот 3 ги опфаќа следните населби: Карпош 1, 2, 3 и 4, Козле и Тафталиџе, Хром, Влае, Ѓорче Петров, Даме Груев, Сарај и Шуто Оризари.

За извршените инспекциски надзори Раководителот на Одделението изготвува неделен и месечен извештај, како и месечен оперативен план кој го доставува до Раководителот на Сектор.

**Рок: 01.01.2014 - 31.12.2014 год.**

**8. Образложение:**

Со изготвување на оваа Програма за работа на Оделението за комунална инспекција се предвидува превземање на мерки и активности за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на комуналните дејности и подобрување на условите за живот на граѓаните во градот Скопје.

## 2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНИ РЕДАРИ:

Во изготвувањето на содржината на Програмата за работа на градските комунални редари, а која се однесува за 2014 година беа вклучени надлежностите на комуналните редари кои се утврдени со:

Закон за јавната чистота (Сл.Весник на Р.М.бр.111/2008г.;64/2009г.; 130/2010г.; 23/2011 и 53/2011г.);

Закон за комунални дејности (Сл.Весник на Р.М.бр. 95/2012г.).

Задачите и активностите кои ќе бидат задолженија на комуналните редари во текот на 2014 година, во рамките на програмата се таксативно приложени започнивајки со:

- контролен надзор, обуки за имплементација на Законот за јавна чистота и Законот за комунални дејности, аналитичко- информативна дејност, соработка на Одделението за комунални редари со другите сектори од градот и другите органи на државно и локално ниво, завршувајќи со нормативаната дејност.

**1. Надзорни активности:**

Надзорните активности ќе се вршат како:

- редовни
- контролни и
- вонредени;

Надзорот се врши над физички лица согласно со Законот за јавната чистота и Законот за комунални дејности и тоа:

- на физичките лица како можни сторители на прекршокот им се изрекува мандатна казна.
- контрола на јавната чистота на јавните површини.
- контрола на расчистување на снег пред деловните објекти, пред индивидуални и колективни станбени згради.
- контрола на чистотата на зеленилото на магистралните и собирни улици.
- контрола на чистотата во градските паркови, парк- шумите на подрачјето на градот Скопје, водите и спортско рекреативните зони утврдени со ГУП.
- контрола на испуштање на атмосферски и отпадни води на јавни површини.

Надзорот ќе се врши на начин што територијата на Град Скопје е поделена на 10 реони, а со цел поефикасно следење на состојбите на конкретната територија.

- Реон 1- Општина: Центар
- Реон 2- Општина: Кисела Вода
- Реон 3- Општина: Аеродром
- Реон 4- Општина: Бутел
- Реон 5- Општина: Гази Баба
- Реон 6- Општина: Карпош
- Реон 7- Општина: Ѓорче Петров
- Реон 8- Општина: Чаир
- Реон 9- Општина: Сарај
- Реон 10- Општина: Шуто Оризари

1. Реонот 1 ги опфаќа следните населби: Дебар Мало, Буњаковец, Капиштец, Водно, Пролет, Голем ринг.
2. Реонот 2 ги опфаќа следните населби: Кисела Вода, Расадник, 11 Октомври, Драчево, Пинтија,
3. Реонот 3 ги опфаќа следните населби: Аеродром, Ново Лисиче и Лисиче-бараки.
4. Реонот 4 ги опфаќа следните населби: Скопје Север, Бутел и Радишани.
5. Реонот 5 ги опфаќа следните населби: Ќерамидница, Автокоманда, Железара, Маџари, Ченто.
6. Реонот 6 ги опфаќа следните населби: Карпош 1 и 2, Карпош 3 и 4, Козле, Тафталиџе и Хром.
7. Реонот 7 ги опфаќа следните населби: Влае, Ѓорче Петров и Даме Груев.
8. Реонот 8 ги опфаќа следните населби: Чаир, Гази Баба, Топаанаи Бит Пазар.
9. Реонот 9 ги опфаќа следните населби: Сарај 1 и Сарај 2.

10. Реонот 10 ги опфаќа следните населби: Шуто Оризари 1 и Шуто Оризари 2.

За извршените контроли Раководителот на Одделението изготвува неделен и месечен извештај, како и месечен оперативен план, кој го доставува до Раководителот на Сектор.

**Рок на реализација: 01.01.2014 - 31.12. 2014 година.**

**2. Обуки:**

Предвидено е комуналните редари да земат учество на семинари, предавања и едукации во врска со имплементација на одредбите од Законот за јавната чистота и Законот за комунални дејности.

**3. Аналитичко- информативна дејност:**

Одделението за комунални редари во врска со спроведувањето на надзорот во 2014 година ќе изготви:

- Годишен извештај за работата на Одделението за комунални редари за 2013 година.

**Рок: Февруари, 2014 година**

- Месечни извештаи за работата на Одделението за комунални редари;

**Рок: Континуирано, 2014 година**

- Годишна Програма за работа на Одделението за комунални редари за 2015 година;

**Рок: Декември, 2014 година**

- Месечни оперативни планови за работа на Одделението за комунални редари;

**Рок: контуинирано, 2014 година**

**4. Соработка на Одделението за комунални редари:**

Дел од задолженијата на комуналните редари е во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, контуинирано да соработуваат со сите Одделенија во Секторот и другите Сектори во Градот Скопје, органите на државно и локално ниво, јавните препријатија и пред се со граѓаните на градот Скопје.

**Рок на реализација: по потреба во текот на годината**

**5. Нормативна дејност:**

Во рамките на овој дел се планира комуналните редари да продолжат и со активностите за измена и дополнување на постојната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на Законот за јавната чистота и Законот за комунални дејности во интерес на подобрување на животот на граѓаните на Градот Скопје.

Ваквите активности сметаме дека се неминовно потребни за да се дојде до поефикасни законски решенија, со што би се постигнало зголемување на надлежностите на комуналните редари.

**6. Образложение:**

Изготвувањето на оваа Предлог- Програма за работа на Одделението за комунални редари во себе предвидува превземање на мерки за спроведување на Законот за јавна чистота и Законот за комунални дејности од една страна и подобрување на условите за живот на граѓаните на градот Скопје од друга страна.

## 3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ И ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПАТИШТА:

### 3.1. ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ:

Согласно надлежностите во делот од Одделението кој се однесува за инспекција за патен сообраќај при изработката на содржината на Програмата за 2014 година во предвид се имаа земено обврските кои ги имаат инспекторите согласно законските и подзаконските акти, а тоа се:

- Закон за превоз во патниот сообраќај („Службен Весник на РМ“ бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12 и 23/13);
- Законот за Град Скопје;
- Законот за инспекциски надзор;
- Законот за општа управна постапка;
- Одлука за авто- такси превоз на патници на подрачјето на градот Скопје;
- Одлука за јавниот градски и меѓуградски (приградски) превоз на патници во Град Скопје;

Целта на оваа Предлог Програма е инспекторите за патен сообраќај во текот на 2014 година да бидат поуспешни при извршувањето на своите секојдневни активности согласно зададените задачи кои може да се систематизираат по области и тоа:

- Инспекциски надзор;
- Аналитичко- информативна дејност;

- Соработка со други сектори од Градот и други органи на државно и локално ниво;
- Обуки и Работни состаноци;
- Нормативна дејност и обуки за имплементација на материјалните закони и Законот за општа управна постапка како и Законот за инспекциски надзор

**1. Испекциски надзор:**

Испекциски надзор ќе се врши како:
- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор

Инспекторите за патен сообраќај во 2014 година ќе работат согласно со регулативата која се однесува на законските надлежности како што се Законот за превоз во патниот сообраќај и Одлуките кои што произлегуваат од овој Закон, Законот за Град Скопје, Законот за општа управна постапка и Закон за инспекциски надзор, како и од приоритетот на актуелните проблеми кои ќе треба да се разрешуваат.

Во таа смисла со инспекциски надзор ќе бидат опфатени сите области од делокругот на работа, а со цел за доследно спроведување на прописите од страна на субјектите над кои се извршува надзорната функција.

Приоритет за инспекторите за патен сообраќај за претстојната 2014 година ќе биде воведување на ред во посебниот линиски превоз на патници (превоз со минибуси и комбиња) како и општинскиот линиски превоз на патници во градот Скопје, чија динамика ќе зависи од работата на Секторот за сообраќај, односно од издавањето на лиценци и изводи од лиценци на возилата кои ќе го вршат општинскиот линиски превоз, дозволи за вршење на превоз на патници во општинскиот линиски превоз и заверени возни редови и сл.

Што се однесува до Авто такси превозот во градот Скопје инспекторите за патен сообраќај континуирано како и во претходната година ќе продолжат со своите активности и во 2014 година со контрола на соодветната документација за вршење на авто такси превоз и санкционирање на сите оние кои вршат ваков вид на превоз на патници спротивно на законските и подзаконските акти.

Инспекцијата за патен сообраќај како и досега и во наредната 2014 година ќе продолжи со одличната соработка која ја има со Министерството за внатрешни работи во делот на квалитетното извршување на своите работни обврски.

За констатираните прекршоци инспекторите ќе изготвуваат записници, ќе донесуваат решенија во управна постапка, ќе поднесуваат барања за поведување прекршочна постапка, ќе донесуваат решенија за времено или трајно одземање на возилата кои вршат превоз на патници без лиценци утврдено со Закон или давање предлог до Секторот за Сообраќај на Град Скопје за одземање на дозволите за превоз или издадените лиценци.

За извршените контроли, Раководителот на одделението ќе изготвува неделен и месечен извештај кој ќе го доставува до Раководителот на Сектор.

**2. Обуки**

Инспекторите за патен сообраќај ќе земат учество на семинари, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони како и Законот за управна постапка и Законот за инспекциски надзор а кои ќе бидат организирани од различни институции (Министерство за транспорт и врски, Мрежа на инспектори за сообраќај при ЗЕЛС, Управниот инспекторат и сл.).

**3. Проекти**

Приоритет за инспекторите за патен сообраќај за претстојната 2014 година ќе биде воведување на ред во посебниот линиски превоз на патници (превоз со минибуси и комбиња) и општинскиот линиски превоз на патници во градот Скопје, чија динамика ќе зависи од работата на Секторот за сообраќај односно од издавањето на лиценци и изводи од лиценци на возилата кои ќе го вршат општинскиот линиски превоз, дозволи за вршење на превоз на патници во општинскиот линиски превоз и заверени возни редови и сл.

Во наредната 2014 година во делот на авто такси превозот на патници инспекцијата за патен сообраќај ќе продолжи со контрола и спроведување на Законот за превоз во патниот сообраќај и Одлуката за авто такси превоз на патници во Град Скопје со крајна цел воспоставување на ред во целост во овој вид на превоз.

**4. Аналитичко - информативна дејност**

Инспекцијата за патен сообраќај врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2014 година ќе изготви:

- Годишен извештај за работата на Одделението за инспекција на патен сообраќај и инспекција на патишта- Инспекција за патен сообраќај за 2013.

**Рок: Февруари, 2014 година**

- Месечни извештаи за работата на Инспекцијата за патен сообраќај за 2014 година.

**Рок: контуинирано, 2014 година**

- Програма за работата на Инспекцијата за патен сообраќај за 2015 година.

**Рок: Декември, 2014 година**

- Месечни оперативни планови за работа на Инспекцијата за патен сообраќај;

**Рок: контуинирано, 2014 година**

## 5. Соработка на Одделението за инспекција за патен сообраќај и инспекција за патишта- Инспекција за патен сообраќај

Инспекторите во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со сите одделенија во секторот и другите сектори во Градот Скопје, органите на државно и локално ниво, јавните препријатија и пред се со граѓаните на Градот Скопје.

**Рок по потреба во текот на годината**

## 6. Нормативна дејност

Инспекторите за патен сообраќај ќе продолжат и со активностите за измена и дополнување на постојаната законска регулатива во соработка со надлежните институции, се со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на превозот на патници во Градот Скопје.

Поради одредени недорečености и пропусти во некои законски акти предлозите кои ги даваат инспекторите за патен сообраќај за подобрување на законските решенија се од огромно значење за подобрување на текот на работата а и на тој начин се зголемуваат надлежностите на самите инспектори.

За извршените инспекциски надзори Раководителот на одделението изготвува неделен и месечен извештај кој го доставува до Раководителот на Сектор.

## 7. Средства потребни за извршување на инспекциските контроли

Инспекцијата за патен сообраќај ќе ја реализира оваа Програма на територијата на град Скопје со 5 постоечки инспектори за патен сообраќај.

За спроведување на оваа Програма потребни се и материјално- технички средства и други услови и тоа:

- Возила- потребно е уште едно возило за нормално функционирање

Период на реализација на оваа Програма- Јануари- Декември 2014 година.

## 8. Образложение:

Инспекцијата за патен сообраќај на Град Скопје има голема улога во подобрувањето на условите на живеење на сите граѓани на градот Скопје од конкретниот сегметнт. Со оваа Програма за работа на инспекцијата за патен сообраќај на Град Скопје за 2014 година се предвидуваат сите активности и мерки кои ќе се превземаат во периодот Јануари- Декември 2014 година согласно сите законски и подзаконски акти а со основна цел подобрување на сообраќајот во град Скопје преку вршење на редовни контроли на целата територија на град Скопје.

## 3.2. ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПАТИШТА:

При утврдување на содржината на Програмата за работа за 2014 година на инспекторите за патишта на Град Скопје се земаат во предвид надлежностите на инепекторите за патишта утврдени со законските и подзаконските акти утврдени според:

- Законот за Јавни Патишта (Сл.Весник бр.84/08, Сл.Весник бр.52/09, Сл. Весник бр.114/09 и Сл.Весник бр.124/2010, Сл. Весник. Бр. 23/11, Сл. Бр. 53/2011, Сл. Весник. Бр. 44/2012, Сл. Весник. Бр. 168/2012),
- Законот за Инспекциски надзор и
- Законот за Град Скопје
- Законот за Општа управна постапка.

Во предлог Програмата, задачите и активностите што ќе ги извршуваат инспекторите за патишта на Град Скопје во текот на 2014 година се систематизираат по области и тоа:

- инспекциски надзор,
- аналитичко- информативна дејност,
- соработка со другите сектори од градот и другите органи на државно и локално ниво,
- обуки и работни состаноци, нормативна дејност и обуки за имплементација на материјалните закони.

### 1. Испекциски надзор

Испекциски надзор се врши како:

- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор.

Активностите на Инспекцијата за патишта ќе се извршуваат во текот на периодот јануари- декември 2014 година. Инспекциските контроли ќе се извршуват самостојно или според потребите во координација со другите инспекциски одделенија на Секторот Инспекторат на Град Скопје.

Во редовните активности на инспекцијата за патишта влегуваат:

1. Контрола на вертикалната сообраќајна сигнализација- ќе се извршува во текот на целата година.
2. Конторла на хоризонталната сообраќајна сигнализација- ќе се извршува во текот на целата година, а посебно во месеците мај, јуни, септември и октомври кога истата се обновува.
3. Контрола на светлосната сигнализација и нејзиното функционирање- ќе се извршува во текот на целата година.
4. Контрола на опремата на патиштата (заштитни столбчиња, одбојни огради, огради на мостови и надвозници) и одржување на разделното

зеленило на булеварите во надлежност на Град Скопје - ќе се извршува во текот на целата година.

5. Контрола на Дозволите за локации за место за рекламирање (табли, тотеми и билборди) и контрола на терен дали истите се поставени според добиените Одобренија - ќе се извршува во текот на целата година.

6. Контрола на редовното одржување на патот и објектите на патот (банкини, берми, потпорни и обложни ѕидови, надвозници, мостови и др.) патниот и заштитниот појас. За сите недостатоци ќе се известат Јавните претпријатија на Град Скопје надлежни за нивно одржување да превземат содветни мерки за остранување на недостатоците во рамките на своите надлежности - ќе се извршува во текот на целата година.

7. Контрола за издадените согласности за надолжни и напречни прекопи на патот заради водење на водови за канализација, водоводи, гасоводи, топловоди, електро и други видови на водови - ќе се извршува во текот на целата година.

8. Контрола на сообраќајните режими за паркирање на Паркинзите во надлежност на Град Скопје - ќе се извршува во текот на целата година.

9. Контрола на сообраќајните режими за паркирање на зонските паркинзи на територија на Град Скопје- ќе се извршува во текот на целата година.

10. Контрола на работите кои се изведуваат на патот или во близина на патот, а кои можат да ја доведат во прашање сигурноста на јавниот пат и безбедноста на сообраќајот - ќе се извршува во текот на целата година

11. Овластениот Инспекторот за патишта своите планови за вршење на инспекциските контроли ги усогласува со оваа Програма за работа.

**2. Обуки**

Инспекторите за патишта на Град Скопје ќе земат учество на семинари, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони.

**3. Аналитичко - информативна дејност**

Инспекцијата за патишта на Град Скопје врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2014 година ќе изготви:

1. Годишен извештај за работата на Инспекцијата за патишта за 2013 година.

**Рок: Февруари, 2014 година**

2. Квартални извештаи за работата на Инспекцијата за патишта за 2014 година.

**Рок: контуинирано, 2014 година**

3. Месечни извештаи за работата на Инспекцијата за патишта за 2014 година.

**Рок: контуинирано, 2014 година**

4. Програма за работата на Инспекцијата за патишта за 2015 година.

**Рок: Декември, 2014 година**

5. Месечни оперативни планови за работа на Инспекцијата за патишта;

**Рок: контуинирано, 2014 година**

**4. Соработка на Инспекцијата за патишта на Град Скопје**

Инспекцијата за патишта на Град Скопје во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со сите одделенија во секторот и другите сектори во Градот Скопје, органите на државно и локално ниво, јавните препријатија и пред се граѓаните на Градот Скопје.

**Рок по потреба во текот на годината**

**5. Нормативна дејност**

Инспекцискиот надзор ќе се врши на начин што Територијата на град Скопје е поделена на 3 (три) реони, а со цел поефикасно следење на состојбите на конкретната територија.

**Реонски целини се следните:**

- Реон 1- Општините: Центар, Карпош.
- Реон 2- Општините: Кисела Вода, Аеродром, Чаир.
-
- Реон 3- Општините: Ѓорче Петров, Бутел, Сарај, Гази Баба, Шуто Оризари.

**6. Средства потребни за извршување на инспекциските контроли**

Инспекцијата за патишта при Секторот Инспекторат на Град Скопје ќе ја спроведе оваа програма на територијата на Град Скопје со 3 (три) инспектори за патишта.

За спроведување на оваа програма потребни се материјално- технички и финансиски средства и други услови и тоа:

- Возило- потребно е уште едно возило за нормално функционирање

**Рок: 01.01.2014 - 31.12.2014 година.**

**7. Образложение:**

Со изготвување на оваа Програма за работа на Инспекцијата за патишта се предвидува превземање на мерки за спроведување на Законот, нормите и стандардите за одржување и заштита на Јавните патишта, координација на

органите, организациите и претпријатијата од областа на патната мрежа со цел зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

## 4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДАНОЧНА ИНСПЕКЦИЈА И ИНСПЕКЦИЈА ЗА НАПЛАТА НА КОМУНАЛНИ И ДРУГИ ТАКСИ:

Годишната Програма на Одделението за даночна инспекција и инспекција за наплата на комунални и други такси, како дел од програмата на Секторот Инспекторат при Град Скопје е обврска согласно Законот за инспекциски надзор.

**Законска регулатива и надлежности:**

При утврдување на содржината на Програмата за работа на овластените инспектори за даноци на имот и инспекторите за комунални и други такси на Град Скопје за 2014 година се зедоа во предвид надлежностите на инспекцијата утврдени со следниве закони и подзаконските акти:

### 4.1. ИНСПЕКЦИЈА ЗА ДАНОК НА ИМОТ

- Законот за Даноци на имот (Сл. весник на РМ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11,53/11 и 84/12);
- Законот за инспекциски надзор (Сл.весник на РМ бр.50/2010, 162/2010 и157/2011);
- Законот за Град Скопје (Сл.весник на РМ бр.55/04 и 158/11);
- Законот за општа управна постапка (Сл.весник на РМ бр.38/05, 110/08 и51/11);

### 4.2. ИНСПЕКЦИЈА ЗА КОМУНАЛНИ И ДРУГИ ТАКСИ

- Законот за комунални такси (Сл.весник на РМ бр.61/04, 64/05, 92/07 и 123/12)
- Законот за такса за привремен престој (Сл.весник на РМ бр.19/96, 26/02, 51/03, 88/08 и 17/11);
- Закон за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр.67/04 и 81/07);
- Законот за Град Скопје (Сл.весник на РМ бр.55/04 и 158/11);
- Законот за инспекциски надзор (Сл.весник на РМ бр.50/2010, 162/2010 и 157/2011)
- Законот за општа управна постапка (Сл.весник на РМ бр.38/05, 110/08 и 51/11);

Предлог- Програмата, содржи задачи и активности кои ќе ги извршуваат инспекторите за даноци на имот и инспекторите за комунални и други такси во текот на 2014 година, систематизирани по области и тоа:

1. Човечки ресурси и надлежности,
2. Инспекциски надзор,
3. Инспекциска евиденција,
4. Аналитичко - информативна дејност,
5. Соработка со другите сектори од Градот Скопје и другите органи на државно и локално ниво,

6. Обуки, едукација и работни состаноци,
7. Нормативна дејност за имплементација на материјалните закони и Законот за инспекциски надзор, како и Законот за општа управна постапка.

**1. Човечки ресурси и надлежности:**

За спроведувањето на Програмата на Секторот Инспекторат на Град Скопје, Одделението за даночна инспекција и инспекција на комунални и други такси, кадровски е целосно екипирано. Иницијативата на инспекторите од ова Одделение за изедначување на надлежностите во инспекцискиот надзор (даноци на имот и комунални и други такси) наиде на позитивен резултат и реакции во Секторот. Проверката на реализацијата на оваа иницијатива од правен аспект исто така даде позитивен резултат и ефект, така што, како дел од програмата за 2014 г. се јавува и формално материјализирање на оваа иницијатива со што сметаме дека ќе се постигнат повеќе позитивни ефекти и кај субјектите на надзор кои се обврзници на јавни давачки кон Град Скопје по повеќе основи, без занемарување на позитивниот финансиски ефект.

Во оваа сфера останува како дел од оваа Предлог-програма поставување на Раководител на Одделението, заради целосно заокружување на кадровската екипираност на Одделението.

**2. Испекциски надзор:**

Инспекцискиот надзор ќе се спроведува како:

- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор.

Инспекцискиот надзор за даноците на имот се врши над правни и физички лица и тоа од аспект на тоа дали го имаат пријавено имотот за оданочување и дали за него имаат платено данок на промет со недвижности и дали данокот на имот е платен навремено и во целост согласно со Законот за даноците на имот и Законот за инспекциски надзор.

Инспекторите за наплата комунални такси и други такси ќе вршат инспекциски надзор, за тоа дали обврзниците (правни и физички лица) ги плаќаат навремено и во целост јавните давачки кон Град Скопје и тоа:

- **Комунални такси:**
  - користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел ќе ги определи градот;
  - користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли;
  - користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност;

Надзорот над наплатата на комуналните такси ќе се врши согласно Законот за комунални такси односно дали обврзниците навремено и во целост ги уплаќаат комуналните такси, според утврдениот тарифник.

- **Такса за привремен престој:**

Надзорот над наплатата на таксата за привремен престој ќе се врши согласно Законот за таксата за привремен престој, односно дали обврзниците навремено и во целост ја уплаќаат таксата, според законски утврдената висина.

- **Противпожарен придонес** :

Согласно Законот за пожарникарство, редовниот надзор ќе продолжи и во осигурителните компании, обврзници на 2% од наплатените премии од автоодговорност и каско осигурување, на сметка на Град Скопје на име противпожарен надомест.

Вршењето на инспекцискиот надзор во ова Одделение ќе ги опфаќа следниве активности:

1. Вршење на инспекциски надзор над спроведување на законите, подзаконските акти и прописите на Градот Скопје согласно законската регулатива.
2. Утврдување на фактичката состојба на субјектите на надзор на терен и изготвување на записници за констатираните состојби.
3. Изрекување на мерки пропишани со закон.
4. Водење на управна постапка во прв степен и донесување на решенија.
5. Поднесување на барања за прекршочна постапка.
6. Вршење на стручна обработка на прашањата што се од значење за примена на законските одредби.
7. Изготвување на стручно-аналитички материјали и информации.
8. Секојдневна комуникација со странки и одговарање на прашања од областа на Законите за даноците на имот, Закон за комунални такси, Законот за такса за привремен престој и Законот за пожарникарство.
9. Постапување по претставки на граѓани.
10. Постапување по барања доставени од Општините во Град Скопје и од Секторот за финансиски прашања во Град Скопје.
11. Изготвување на план за работа од инспекторите од ова одделение кој ќе биде во согласност со оваа програма и материјалното законодавство.
12. Инспекторите врз основа на оваа Програма ќе доставуваат месечни извештаи, како и месечни оперативни планови до Раководителот на Секторот.

**3. Аналитичко - информативна дејност:**

Одделението за даночна инспекција и инспекција за наплата на комунални и други такси врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2014 година ќе изготви:

- Месечни оперативни планови за работа на Одделението;

- Месечни извештаи за работата на Одделението;

**Рок: Континуирано, 2014 година**

- Годишен извештај за работата на Одделението за 2013 година;

**Рок: Февруари, 2014 година**

- Годишна Програма за работа на Одделението за 2015 година;

**Рок: Декември, 2014 година**

**4. Соработка на Одделение за даночна инспекција и инспекција за наплата на комунални и други такси:**

Инспекторите во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со закон, континуирано ќе соработуваат со сите одделенија во секторот како и со Секторот за финансиски прашања, Сектор за правни работи, а по потреба и со другите сектори во Градот Скопје, органите и институциите на државно и локално ниво, јавните препријатија и пред се граѓаните на Градот Скопје.

**Рок: по потреба во текот на годината**

**5. Обуки, едукација и работни состаноци:**

Инспекторите за даноци на имот и овластените инспектори за комунални и други такси ќе земат учество на семинари, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалното законодавство, Законот за инспекциски надзор и неговите измени и дополненија кои треба да стапат во сила во 2014 г. и Законот за општа управна постапка.

**Рок: 01.01.2014 - 31.12.2014 година**

**6. Нормативна дејност за имплементација на материјалните закони и Законот за инспекциски надзор и Законот за општа управна постапка:**

Инспекторите по потреба ќе поведуваат активности и иницијативи за измена и дополнување на постојаната законска регулатива во делот на материјалните закони и тоа:

- Закон за даноците на имот
- Законот за комунални такси
- Закон за пожарникарство
- Законот за такса за привремен престој

Измените и дополнувања на материјалното законодавство се потребни за да се дојде до ефикасни законски решенија, во случаи кога со важечките законски

и подзаконски акти ќе се согледаат недоречености за одредени состојби, кои не се целосно законски регулирани а со самото тоа се и неспроведливи и неефикасни.

Од друга страна проблемите поврзани со надлежностите на инспекторите вработени во единиците на локалната самоуправа во градот Скопје го наметнува проблемот на строга поделба на надлежностите, особено во делот на спроведувањето на Законот за даноците на имот, па оттука и потребата за поведување на иницијатива за измена на законите која ја регулираат оваа проблематика.

За поефикасно остварување на горенаведените активности инспекторите од ова одделение, покренаа иницијатива во ЗЕЛС со цел формирање на мрежа од вработените во инспекциските служби од единиците на локалната самоуправа во РМ и Градот Скопје од областа на даноците од имот и наплатата на комуналните и други такси. Основна цел на мрежата е со размена на искуства и согледување на проблемите да се дојде до заеднички иницијативи за измени и дополненија во материјалното законодавство кои ќе овозможат едноставна и ефикасна примена на законите, а со тоа и целосна подготовка на инспекторите за измените и дополнувањата кај Законот за инспекциски надзор и нивното стапувањето на сила во 2014 г.

**7. Реонски целини за инспекциски надзор за даноци на имот се следните**:

Инспекцискиот надзор за даноците на имот ќе се врши над правни и физички лица на начин што територијата на Град Скопје е поделена на 5 реони, со цел поефикасно следење на состојбите на конкретната територија.

- Реон 1 - Општина: Центар
- Реон 2 - Општините: Кисела Вода и Аеродром
- Реон 3 - Општините: Бутел и Гази Баба
- Реон 4 - Општините: Карпош, Ѓорче Петров и Сарај
- Реон 5 - Општините: Чаир и Шуто Оризари

За инспекцискиот надзор врз наплатата на комуналните и други такси, реон на контрола е целата територија на Градот Скопје.

За извршените инспекциски надзори овластените инспектори изготвуваат неделен и месечен извештај, како и месечен оперативен план кои се доставуваат до Раководителот на Сектор.

**8. Услови потребни за извршување на инспекциските контроли:**

Одделението ќе ја спроведе оваа програма на територијата на Град Скопје со три овластени инспектори за даноци на имот и три овластени инспектори за комунални и други такси, без раководител чие назначување како потреба беше потенцирано и во минатогодишната програма. За ефикасно спроведување на оваа програма потребни се материјално – технички и други услови и тоа:

- возило исклучиво за потребите на ова одделение (во моментот се располага со возило кое се дели со друго Одделение),

- 2 компјутери (еден дотраен за замена а еден недостасува)
- 6 таблети за сите инспектори и
- скенер за Одделението или заеднички со другите одделенија.

**9. Образложение:**

Со изготвување на оваа Програма за работа на Одделението за даночна инспекција и инспекција за наплата на комуналните и други такси се предвидува превземање на мерки и активности за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на даноците на имот, комуналните такси и таксата за привремен престој како и останатите закони кои ја регулираат оваа област, а со тоа и обезбедување на редовна и навремена наплата на обврските на правните и физичките лица по основа на јавни давачки како изворни приходи на Градот Скопје.

## 5. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ДРУГИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ:

### 5.1. ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Годишната Програма на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности на Градот Скопје како дел од Програмата на Секторот Инспекторат при Град Скопје е обврска која произлегува согласно Законот за инспекциски надзор („Сл.весник на Р.М.“ бр.50/10, 162/10 и 157/11 и 147/13).

При утврдување на содржината на Програмата за работа на овластените инспектори за животна средина за 2014 година се имаа во предвид надлежностите на инспекцијата за животна средина утврдени со законските и подзаконските акти:

- Закон за инспекциски надзор („Сл.весник на Р.М.“ бр.50/10, 162/10 и 157/11 и 147/13);
- Закон за животна средина („Сл.весник на Р.М.“ бр. 53/05 и 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10 и 124/10, 51/11, 123/12 и 93/13);
- Закон за општа и управна постапка („Сл. весник на Р.М.“ бр. 38/05, 110/08 и 51/11);
- Законот за Град Скопје („Сл. весник на Р.М.“ бр. 55/04 и 158/11);
- Законот за прекршоците („Сл. весник на Р.М.“ бр. 62/06 и 51/11);
- Законот за постапување по претставки и предлози („Сл. весник на Р.М.“ бр. 82/08 и 13/13);
- Закон за управување со отпад („Сл. весник на Р.М.“ бр. 68/0 и 71/04, 107/07, 102/08 и 134/08 и 123/12);
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување; („Сл. весник на Р.М.“ бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11 и 6/12);

- Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Сл. весник на Р.М.“ бр. 6/12);
- Закон за батерии и акумулатори („Сл.весник на Р.М.“ бр. 140/10, 47/11, и 148/11) ;
- Закон за заштита од бучавата во животната средина („Сл.весник на Р.М.“ бр. 79/07);
- Закон за амбиентален воздух („Сл. весник на Р.М.“ бр. 67/04, 92/07, 35/10 и 47/11);
- Закон за води („Сл. весник на Р.М.“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44,12 и 23/13);
- Закон за заштита на природата („Сл.весник на Р.М.“ 67/06, 84/07 и 13/13);
- Како и останати Подзаконски акти, Одлуки, Уредби и Правилници кои се донесени од страна на надлежните државни органи и локалната самоуправа.

Во предлог Програмата, задачите и активностите што ќе ги извршуваат овластените инспектори за животна средина во текот на 2014 година се систематизира по области и тоа: инспекциски надзор, аналитичко - информативна дејност, соработка со другите сектори од градот и другите органи на државно и локално ниво, обуки и работни состаноци, нормативна дејност и обуки за имплементација на материјалните закони и Законот за општа и управна постапка, како и Законот за инспекциски надзор.

**1. Испекциски надзор:**

Инспекцискиот надзор се врши редовно или по добиена пријава и/или сознание од страна на други државни органи, организации, институции, правни и физички лица, како и средства за јавно информирање.

Овластениот инспектор за животна средина на Градот Скопје е овластен да врши инспекциски надзор, над правни и физички лица, во секое време и на лице место, без претходна најава во деловните простории, инсталациите, објектите, како и на средства и опрема за вршење на дејноста и активноста.

Ако со Закон не е поинаку уредено, инспекцискиот надзор инспекторот го врши преку:

- редовен инспекциски надзор
- вонреден инспекциски надзор
- контролен инспекциски надзор

Овластениот инспектор за животна средина на Градот Скопје е овластен да врши инспекциски надзор, над правни и физички лица, како и на инсталациите, објектите и на средства и опрема за вршење на дејноста и активноста на правните субјекти.

При тоа посебно внимание се дава на следните аспекти:

- контрола на документација;
- контрола на суровини, материјали и енергии произведени или употребени од страна на правниот субјект;
- увид во простории како и на приватниот имот околу објектот кој е предмет на контрола;
- утврдување дали правниот субјект според активностите и видот на производство подлежи на издавање на Б- интегрирана еколошка дозвола
- утврдување на  капацитетот на правниот субјект и производството по просечна вредност на квартална основа;
- утврдување дали правниот субјект според капацитетот утврден со Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошката дозвола, подлежи на А или на Б интегрирана еколошка дозвола;
- утврдување на податоци и опис на операторот и инсталацијата, како и податоци за суровините, материјалите и енергиите произведени или употребени во инсталацијата;
- утврдување на податоци за емисии во почва, површински води, атмосферата, податоци за бучава и  вибрации како и податоци за цврст и течен отпад во координација со акредитирана лабораторија за животна средина;
- утврдување на податоци за точки на мониторинг и земање на примероци во координација со акредитирана лабораторија за животна средина;
- утврдување дали правниот субјект согласно дејноста која ја врши подлежи на изработување на елаборат за заштита на животната средина согласно уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на општината, Градоначалникот на Град Скопје и Градоначалникот на општините во Градот Скопје.

Врз основа на иницијатива или барање- пријава  поднесена од државни органи, физички или правни лица  а каде што се наведува дека има индиции за зголемено ниво на бучава, или загадување на амбиенталниот воздух, водата, почвата итн. овластениот инспектор за животна средина повикува акредитирана лабораторија за вршење на испитување на нивото на бучава како и нивото на загадување на амбиенаталниот воздух, водата, почвата итн., за инсталациите од надлежност на овластените инспектори за животна средина на Градот Скопје и во најкраток рок да достави технички извештај  за извршеното мерење  до Овластенитот инспектор за животна средина, за превземање на понатамошни со Законот предвидени мерки.

**Рок: контуинирано, 2014 година**

**1. Аналитичко- информативна дејност:**

Инспекторите за животна средина врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2014 година ќе изготви:

- Месечни оперативни планови за работа на инспекторите за животна средина во рамките на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности;
- Неделни извештаи за работа на инспекторите за животна средина во рамките на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности;
- Месечни извештаи за работата на инспекторите за животна средина во рамките на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности.

**Рок: Континуирано, 2014 година**

- Годишна Програма за работа на инспекторите за животна средина во рамките на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности за 2015 година.

**Рок: Декември, 2014 година**

- Квартални извештаи за работата на инспекторите за животна средина во рамките на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности за 2014 година.

**Рок: контуинирано, 2014 година**

- Годишен извештај за работата на инспекторите за животна средина во рамките на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности за 2013 година.

**Рок: Февруари, 2014 година**

**2. Соработка на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности на Градот Скопје**

Инспекторите во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со сите одделенија во секторот и другите сектори во Градот Скопје, органите на државно и локално ниво, јавните препријатија и пред се граѓаните на Градот Скопје.

**Рок: по потреба во текот на годината**

**3. Нормативна дејност**

Овластените инспектори за животна средина ќе продолжат и со активностите за измена и дополнување на постојаната законска регулатива во соработка со надлежните институции, се со цел поквалитетно и поефикасно

спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на градот Скопје.

Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до ефикасни законски решенија, со што би се зголемиле надлежностите на овластените инспектори за животна средина, бидејќи сегашните законски и подзаконски акти цениме дека имаат одредени недоречености и не се целосно ефикасни.

Основното подрачје на вршење на инспекциски надзор на овластениот инспектор за животна средина на Град Скопје е целокупната територија на Град Скопје утврдена согласно Генералниот урбанистички план.

За извршените инспекциски надзори Раководителот на Одделението изготвува неделен и месечен извештај кој го доставува до Раководителот на Сектор.

**4. Образложение:**

Со изготвување на оваа Програма за работа на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности на Градот Скопје се предвидува превземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на животната средина и подобрување на условите за живот на граѓаните во градот Скопје.

## 5.2. ПРОСВЕТНА ИНСПЕКЦИЈА

За инспекциските служби организирани како организациони единици во рамките на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, Градоначалникот на општината, односно на Град Скопје, согласно член 15 од Законот за инспекциски надзор („Сл.весник на Р.М.“ бр.50/10, 162/10, 157/11 и 147/13), донесува Годишна програма за работа на инспекциската служба.

Во донесувањето на содржината на Програмата за работа на Просветните инспектори на Град Скопје, за 2014 година, земени се во предвид надлежностите на овластениот општински просветен инспектор на Град Скопје, утврдени со законски и подзаконски акти кои произлегуваат од нив, а со кои се уредува воспитно-образовната дејност во средните училишта на Град Скопје и тоа:

- Законот за инспекциски надзор („Сл.весник на Р.М.“ бр.50/10, 162/10 и 157/11 и 147/13);
- Законот за просветните инспектори (Сл. весник на Р.М.бр.52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11 и 24/13);
- Законот за општата управна постапка („Сл. весник на Р.М.“ бр. 38/05, 110/08 и 51/11);
- Законот за прекршоците („Сл. весник на Р.М.“ бр. 62/06 и 51/11);
- Законот за постапување по претставки и предлози („Сл. весник на Р.М.“ бр. 82/08 и 13/13);
- Законот за Град Скопје („Сл. весник на Р.М.“ бр. 55/04 и 158/11);

- Законот за средното образование („Сл. весник на Р.М.“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 52/05, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 104/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12 и 24/13).
- Законот за стручно образование и обука („Сл.весник на Р.М.“ бр.71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13 и 137/13);
- Законот за ученичкиот стандард („Сл. весник на Р.М.” бр. 52/05, 117/08 и 135/11 и 15/13);

Задачите и активностите што ќе ги извршуваат овластените просветни инспектори на Град Скопје, во текот на 2014 година, се систематизирани по области и тоа: инспекциски надзор, аналитичко - информативна дејност, соработка со другите сектори од градот, другите органи на државно и локално ниво и Заедницата на единиците на локална самоуправа, обуки и работни состаноци, нормативна дејност и обуки за имплементација на материјалните закони уредени со одредбите од Законот за инспекциски надзор како и Законот за општата управна постапка.

**1. Испекциски надзор:**

Инспекцискиот надзор, е надзор над примената на законите и прописите донесени врз основа на закон, и опфаќа изрекување на инспекциски мерки и санкции со цел отстранување на утврдените неправилноси и остварување и заштита на јавниот интерес и интересот на физичките и правните лица, во согласност со закон.Овластениот просветен инспектор на Град Скопје, инспекцискиот надзор го врши преку:

- Редовен инспекциски надзор, кој е најавен и се врши врз основа на годишната програма за работа на инспекцијата;
- Вонреден инспекциски надзор, е ненајавен и се врши врз основа на иницијатива од страна на ученици, родители, совет на родители, вработени во воспитно-образовните установи и од други граѓани и
- Контролен инспекциски надзор, се врши по истекот на рокот определен од страна на инспекторот за отстранување на утврдените недостатоци;

Во 2014 година овластените просветни инспектори на Град Скопје ќе вршат надзор над примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на образованието во средните училишта на Град Скопје (вкупно 21) и ученичките домови (вкупно 2) кои се во надлежност на Град Скопје, на начин и постапка утврдени со закон.

Согласно законската регулатива овлатениот просветен инспектор врши надзор над:

- условите и постапката за основање и престанок со работа на воспитно образовните установи основани од Град Скопје;
- условите за работа во воспитно-образовните установи основани од Град Скопје;
- запишувањето на учениците во средните училишта на Град Скопје;
- превозот, исхраната и сместувањето на учениците во воспитно-образовните установи основани од Град Скопје;

- условите за избор на наставници и стручни соработници во воспитно-образовните установи основани од Град Скопје;
- постапката за формирање на училишните органи во воспитно образовните установи основани од Град Скопје;
- контрола над средствата стекнати од сопствени извори во воспитно-образовните установи основани од Град Скопје;

Овластениот просветен инспектор во доменот на своите работни задачи и активности извршува:

- надзор над спроведувањето на законите и другите прописи и општи акти во воспитно- образовните установи основани од Град Скопје;
- увид на терен и изготвува записници за констатираните состојби и наоди;
- контролни надзори за отстранување на утврдените неправилности;
- изрекување со Закон пропишани мерки и активности;
- водење на управна постапка и донесување на решенија;
- поднесување на барања за прекршочна постапка;
- стручна обработка на прашања што се од значење за примена на законските одредби;
- изготвување на анализи, информации и други материјали;
- консултации и работни средби со Секторот за образование на Град Скопје, Активот на директори на Град Скопје, Државен просветен инспекторат, Биро за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, во функција на разрешување на проблеми кои произлегуваат од промени во законската регулатива;
- изготвување на месечни и шестмесечни извештаи за работењето на државниот службеник;

**2. Обуки:**

Овластените просветни инспектори на Град Скопје активно ќе се вклучат и ќе земат учество на обуки, семинари, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони како и Законот за општата управна постапка и Законот за инспекциски надзор.

**3. Аналитичко - информативна дејност:**

Врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2014 година, овластените просветни инспектори на Град Скопје ќе изготват:

- Месечни оперативни планови за работа на просветните инспектори за 2014 година;

- Месечни извештаи за работата на просветните инспектори за 2014 година;

**Рок: контуинирано, 2014 година**

- Годишна Програма за работата на просветните инспектори за 2015 година;

**Рок: Декември, 2014 година**

- Квартални извештаи за работата на просветните инспектори за 2014 година;

**Рок: контуинирано, 2014 година**

- Годишен извештај за работата на просветните инспектори за 2013 година;

**Рок: Февруари, 2014 година**

**4. Соработка на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности на Градот Скопје.**

Просветните инспектори на Град Скопје, во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со сите одделенија во Секторот и другите Сектори во Градот Скопје, органите на државно и локално ниво, Заедницата на единиците на локална самоуправа, јавните средни училишта и ученичките домови кои се во надлежност на Град Скопје и граѓаните на Градот Скопје.

**5. Нормативна дејност**

Просветните инспектори на Град Скопје, во соработка со надлежните институции ќе продолжат со активностите за измена и дополнување на постојаната законска регулатива, се со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските прописи во интерес на подобрување на состојбите во воспитно образовната дејност.

Оваа програма ќе се спроведе со 2 (двајца) просветни инспектори на територијата на Град Скопје .

**6. Образложение:**

Со изготвување на оваа Програма за работа на просветните инспектори се предвидува превземање на мерки за спроведување на Законските и подзаконските акти од областа на образованието, во функција на обезбедување и подобрување на состојбите и квалитетот на образовниот процес.

## <u>5.3 ИНСПЕКЦИЈА ЗА СПОРТ:</u>

Инепекторите за спорт на Град Скопје во делокругот на своето работење во текот на претстојната 2014 година ќе се раководат според следните законски и подзаконски акти:

- Закон за спорт
- Закон за Инспекциски надзор
- Закон за општа управна постапка
- Закон за локална самоуправа
- Закон за Град Скопје
- Одлука за финансирање на спортот донесена од Советот на Град Скопје

Предмет на контрола на Овластените инспектори за спорт на подрачјето на Град Скопје ќе бидат:

- Спортски субјекти (клубови);

- Спортски објекти;
- Спортски натпревари;

По сето ова ќе се постапува по сопствена иницијатива, или по преставки и поплаки од страна на граѓаните.

Во предлог програмата, задачите  и активностите што ќе ги извршуваат овластените инспектори за спорт во текот на 2014 година се систематизира по области и тоа: инспекциски надзор, аналитичко- информативна дејност, соработка со другите сектори од градот и другите органи на државно и локално ниво, обуки и работни состаноци, нормативна дејност и обуки за имплементација на материјалните закони и Законот за општоуправна постапка, како и Законот за инспекциски надзор.

1. **Испекциски надзор:**

Инспекцискиот надзор се врши редовно или по добиена пријава и/или сознание од страна на други државни органи, организации, институции, правни и физички лица, како и средства за јавно информирање.
Овластените инспектори за спорт на Градот Скопје се овластени да врши инспекциски надзор, над правни и физички лица кои обавуваат дејност спорт, во секое време и на лице место, без претходна најава во спортските објекти, како и на средства и опрема за вршење на дејноста и активноста.

Ако со Закон не е поинаку уредено, инспекцискиот надзор инспекторот го врши преку:

- редовен инспекциски надзор
- вонреден инспекциски надзор
- контролен инспекциски надзор

При тоа посебно внимание се дава на следните аспекти:

- Дали на спортските натпревари има обезбедено итна медицинска помош (согласно член 58 од законот за спорт);
- Дали има насилство на теренот и трибините;
- Дали е надминат капацитетот на гледалиштето;
- Дали се забележани расистички, верски и политички скандирања од присутната публика;
- Дали постојат услови за вршење на дејност спорт (услови за спортување, стручни лица- тренери, справи, реквизити итн.);
- Дали спортските субјекти имаат добиено решение за вршење на дејност спорт од Агенција за млади и спорт;

- Дали се извршени лекарски прегледи на спортистите (евентуално дали земаат допинг и друго);
- Дали се обезбедени услови за одржување на турнири и систем на натпревари итн.

**2. Обуки:**

Овластените инспектори за спорт ќе земат учество на семинари, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони, а кои се организираат од страна на Агенцијата за млади и спорт, Сојузот на спортови на Град Скопје, Македонскиот олимписки комитет, спортските федерации, Факултетите за спорт и физичка култура, како и други спортски субјекти и државни институции.

**3. Аналитичко - информативна дејност:**

Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности на Градот Скопје врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2014 година ќе изготви:

- Месечни извештаи за работата на овластениот инспектор за спорт во рамките на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности;
- Неделни извештаи за работата на на овластениот инспектор за спорт во рамките на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности;
- Месечни оперативни планови за работа на овластениот инспектор за спорт во рамките на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности.

**Рок: Контуинирано, 2014 година**

- Годишен извештај за работата на овластениот инспектор за спорт во рамките на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности

**Рок: Февруари, 2014 година**

- Програма за работа на овластениот инспектор за спорт во рамките на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности за 2015 година.

**Рок: Декември, 2014 година**

**4. Соработка на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности на Градот Скопје:**

Инспекторите во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со сите одделенија во секторот и другите сектори во Градот Скопје, органите на државно и локално ниво, јавните претпријатија и пред се граѓаните на Градот Скопје.

**Рок: по потреба во текот на годината**

**5. Нормативна дејност:**

Исто така, овластените инспектори за спорт постапувајќи по насоките на Државниот управен инспекторат, ќе продолжат и со активностите за измена и дополнување на постојаната законска регулатива во соработка со Агенцијата за млади и спорт и другите надлежни институции, ćе со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на градот Скопје.

Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до ефикасни законски решенија, со што би се зголемиле надлежностите на овластените инспектори за спорт, бидејќи сегашните законски и подзаконски акти цениме дека имаат одредени недоречености и не се целосно ефикасни. Ова особено се однесува на зголемување на надлежностите на инспекторот за спорт на локална самоуправа, особено во делот на донесувањето на Решение, што како надлежност е дадена во Законот за Инспекциски надзор, но истата е во колизија со Законот за спорт. За таа цел во Агенцијата за млади и спорт е направена и работна група во која учествува и Инспекторот за спорт на Град Скопје, а во која интензивно се работи на измена на Законот за спорт во насоки сугерирани од Државниот управен инспекторат.

Основното подрачје на вршење на инспекциски надзор на овластениот инспектор за спорт на Град Скопје е целокупната територија на град Скопје утврдена согласно Генералниот урбанистички план.

За извршените инспекциски надзори Раководителот на одделението изготвува неделен и месечен извештај кој го доставува до Раководителот на Сектор.

**6. Образложение:**

Со изготвување на оваа Програма за работа на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности на Градот Скопје се предвидува превземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на спортот и подобрување на условите за живот, постигнување на врвни спортски резултати на дражавно и меѓународно ниво, како и развивање на масовниот спорт, т.е. спортување и рекреација на граѓаните во градот Скопје.

## 5.4 ТУРИСТИЧКО- УГОСТИТЕЛСКА ИНСПЕКЦИЈА

Програмата за работа на овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност за 2014 година се заснова на надлежностите утврдени со законските и подзаконските акти и тоа:

- Закон за инспекциски надзор (Сл.весник на Р.М.“ бр.50/10, 162/10 и 157/11 и 147/13);
- Закон за општа и управна постапка (Сл. весник на Р.М.“ бр. 38/05, 110/08 и 51/11);
- Закон за Град Скопје (Сл. весник на Р.М.“ бр. 55/04 и 158/11);
- Закон за туристичка дејност (Сл. весник на Р.М. бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11 и 123/12);
- Закон за угостителска дејност (Сл. весник на Р.М. бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12);
- Закон за прекршоци (Сл.весник на Р.М. бр. 62/06 и 51/2011)
- Како и останати Подзаконски акти, Одлуки, Уредби и Правилници кои се донесени од страна на надлежните државни органи и локалната самоуправа.

За утврдување на содржината на предлог програмата, задачите и активностите што ќе ги извршува овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност во текот на 2014 година, се систематизираат по области и тоа: инспекциски надзор, обуки и работни состаноци, аналитичко- информативна дејност, соработка со другите сектори од градот и другите органи на државно и локално ниво, нормативна дејност за имплементација на материјалните закони и Законот за општоуправна постапка, како и Законот за инспекциски надзор.

### 2. Инспекциски надзор:

Инспекцискиот надзор се врши редовно или по добиена пријава или сознание од страна на други државни органи, организации, институции, правни и физички лица, како и средства за јавно информирање.

Овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност на Градот Скопје е овластен да врши инспекциски надзор над физички лица, во секое време и на лице место, без претходна најава.

Ако со Закон не е поинаку уредено, инспекцискиот надзор инспекторот го врши преку:

- редовен инспекциски надзор
- вонреден инспекциски надзор
- контролен инспекциски надзор

Во 2014 година овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност на Град Скопје ќе врши надзор над примената на законите од областа на туризмот и угостителството над физичките лица вршители на туристичка и угостителска дејност во Град Скопје, на начин и постапка утврдени со закон. Согласно

законската регулатива овлатениот инспектор за туристичко-угостителска дејност врши надзор над:

- начинот на вршењето на туристичката дејност на туристичкиот водич и туристичкиот придружник;
- начинот на вршењето на угостителските услуги за сместување и исхрана во куќи и
- начинот на вршењето на угостителските услуги во апартмани и соби за одмор.

Овластениот туристичко-угостителски инспектор во доменот на своите работни задачи и активности извршува:

- најсложени работи и задачи што се вршат во одделението, со повремени упатства и надзор од раководителот на одделението;
- инспекциски надзор над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописите на Град Скопје согласно со Законот за туристичка и угостителска дејност;
- увид на терен и изготвување записници за констатираните состојби и наоди и изрекување со закон пропишани мерки;
- контролни надзори за отстранување на утврдените неправилности;
- изрекување со Закон пропишани мерки и активности;
- водење на управна постапка и донесување на решенија;
- поднесување барања за поведување на прекршочна постапка;
- изготвување на анализи, стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Град Скопје а во врска со угостителската и туристичката дејност;
- консултации и работни средби со Секторот за туризам и угостителство на Град Скопје и со Правниот Сектор на Град Скопје во врска со разрешување на проблеми кои произлегуваат од промени во законската регулатива и
- изготвување на месечни и полугодишни извештаи за работењето на државниот службеник.

**Рок: контуинирано, 2014 година**

**2. Обуки:**

Овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност на Град Скопје активно ќе се вклучи и ќе учествува на обуки, семинари, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони како и Законот за управна постапка и Законот за инспекциски надзор.

**Рок: контуинирано, 2014 година**

**3. Аналитичко- информативна дејност:**

Врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2014 година, овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност на Град Скопје ќе изготви:

- Годишен извештај за работата на овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност во рамките на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности за 2014 година.

**Рок: Февруари, 2015 година**

- Месечен извештај за работата на овластениот инспектор за туристичко- угостителска дејност во рамките на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности за 2014 година.
- Месечен операривен план за работа на овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност во рамките на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности.
- Неделен извештај за работата на овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност во рамките на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности.

**Рок: Контуинирано, од секој тековен месец од 2014 година**

- Програма за работа на работата на овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност во рамките на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности за 2014 година.

**Рок: Декември, 2014 година**

**3. Соработка на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности на Градот Скопје:**

Инспекторот во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработува со сите одделенија во секторот и другите сектори во Градот Скопје, органите на државно и локално ниво, јавните препријатија и пред се граѓаните на Градот Скопје.

**Рок: Контуинирано, 2014 година**

**4. Нормативна дејност:**

Овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност ќе продолжи и со активностите за измена и дополнување на постојаната законска регулатива во соработка со надлежните институции, се со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на туристичко-угостителските услуги во градот Скопје.

Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до ефикасни законски решенија, со што би се зголемиле надлежностите на овластениот инспектор за туристичко- угостителска дејност, бидејќи сегашните законски и подзаконски акти цениме дека имаат одредени недоречености и не се целосно ефикасни.

Основното подрачје на вршење на инспекциски надзор на овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност на Град Скопје е целокупната територија на Град Скопје утврдена согласно Генералниот урбанистички план.

За извршените инспекциски надзори Раководителот на одделението изготвува неделен и месечен извештај кој го доставува до Раководителот на Сектор.

**5. Образложение:**

Со изготвување на оваа Програма за работа на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности на Градот Скопје се предвидува превземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на туристичко- угостителска дејност и подобрување на туристичко-угостителските услуги во градот Скопје.

**6. ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа годишна програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје"

Број 07- 7578/1
3 декември 2013 година
С к о п ј е

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I I QYTETIT TË SHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR
м-р Ирена Мишева mr. Irena Misheva